Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09 – 496/1
30. 11. 2023 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Градоначалникот на Општина Градско, на ден 29.11.2023 година донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси на КП 760/2, КО Градско – Општина Градско, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20 и 111/23), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Градско www.gradsko.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од
4. член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, за планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси на КП 760/2, КО Градско – Општина Градско, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

- Донесувањето на планскиот документ опфаќа мала област од локално значење. Во моментот е со носечка намена: Г2.3 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси. Со планскиот документ се планира реализирање на проект што не е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.
- Со планскиот документ се планираат нови и се потврдуваат и прошируваат постојните градби со намена: Г2.3 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси.

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Градоначалник
на Општина Градско
Киро Нацков